**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп.1 бр.** 11-336
02.02. **2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, член 23 став 1 алинеја 1, член 69 став 3 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор на Трговското издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш бр.11-625/1 од 27.01.2015 година и Писмениот извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмски сервиси, Директорот на Агенцијата на ден 02.02.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси**

1. **СЕ ОПОМЕНУВА** Трговското издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш, заради реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).
   Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/1 од 27.01.2015 година (точка III.28), кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1 и Писмениот извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015 година (точка 25), кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.2.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на Трговското издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш, веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) на начин што ќе го исклучи реемитувањето на програмските сервиси.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по Решението односно продолжи со вршење на повредата за која е опоменет, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1

алинеја 2 од истиот Закон, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова решение е конечно.
   Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), презема мерки во согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Согласно член 69 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), дозвола за телевизиско и радио емитување во Република Македонија може да издаде единствено Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како надлежно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

Имајќи предвид дека Агенцијата не издала дозвола за телевизиско емитување на програмските сервиси наведени во Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/1 од 27.01.2015 година и Писмениот извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015 година, тие не можат да се емитуваат на територијата на Република Македонија. Согласно тоа операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш врши реемитување на програмските сервиси спротивно на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на ден 27.01.2015 година изврши вонреден програмски надзор на програмските сервиси реемитувани во рамките на својот дигитален пакет на операторот Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш, при што констатираше дека е сторена повреда на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Констатациите и описот на прекршувањето се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/1 од 27.01.2015 година (точка III.28), кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1 и Писмениот извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015 година (точка 25), кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.2.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 член 23 став 1 алинеја 1 член 69 став 3 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/1 од 27.01.2015 година и Писмениот извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015 година,

поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение со кое кон наведениот субјект се презема мерка опомена и му се наложи веднаш по приемот на решението да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по налогот односно опомената и престанал со реемитување на програмските сервиси.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (2):

- Писмен извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/1 од 27.01.2015 година
- Писмен извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015 година.

Доставено до:

- Управителот на Трговското издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш;
- Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш;
- Раководител на Одделението за заштита на авторски права;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

27.01.2015

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 11 625 1
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ВОНРЕДЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР
# НА ДЕН 27.01.2015 ГОДИНА

## I. ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:

Вонредниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 3 и член 28 став 1, 2 и 3, а во врска со 141, член 143 и член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), беше спроведен врз работата на сите 49 оператори на јавни електронски комуникациски мрежи евидентирани во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети, на ден 27.01.2015 година, од страна на службени лица од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## II. ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:

Вонредниот програмски надзор беше спроведен со цел да се констатира дали операторите на јавни електронски комуникациски мрежи вршат реемитување на програмски сервиси спротивно на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

## III. КОНСТАТАЦИИ И ОПИС НА ПРЕКРШУВАЊЕТО:

Со вонредниот програмски надзор беше костатирано дека од вкупно 49 оператори, 35 ги реемитуваат програмските сервиси **FOX, Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Sport Klub Prime, Sport Klub HD, Sport Klub Plus HD, Sport Klub prime HD, Sport Klub premium HD** и **Golf Klub,** и тоа:

1. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX, Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3** и **Golf Klub**;
2. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија, во рамките на својот дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX, Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3** и **Golf Klub**;
3. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИЈА Друштво за телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје, во рамките

на својот дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;

4. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ Гостивар, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3 и Golf Klub;
5. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДОО Гевгелија, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3 и Golf Klub;
6. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3 и Golf Klub;
7. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникации и услуги КОМБО 2003 ДОО извоз-увоз Куманово, во рамките на својот дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3 и Golf Klub;
8. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство трговија телекомуникации и услуги РИ-ГО КАБЕЛ САТ увоз-извоз ДОО с.Мирковци Чучер-Сандево Скопје, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3 и Golf Klub;
9. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот дигитален пакет ги реемитува програмскиот сервис FOX;
10. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги Трговско радиодифузно друштво- оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3 и Golf Klub;
11. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси FOX и 24 Kitchen;
12. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа ТРД – оператор на кабелска мрежа ГИВ Иван и др. ДОО Гостивар, во рамките на својот аналоген и

дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX, Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3** и **Golf Klub**;

13. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **Sport Klub 1, Sport Klub 2** и **Sport Klub 3** и **Golf Klub**;
14. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **Sport Klub 1, Sport Klub 2** и **Sport Klub 3** и **Golf Klub**;
15. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа Томи Начески СКРЕМБЛ ДООЕЛ Ново Село Струмица, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3** и **Golf Klub** ;
16. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КДС-ВТ ДООЕЛ Пробиштип, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3** и **Golf Klub**;
17. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДООЕЛ, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX** и **24 Kitchen**;
18. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа БИВ Пирамида ДООЕЛ с.Звегор Делчево, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3** и **Golf Klub**;
19. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3** и **Golf Klub**;
20. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ ДОО Охрид, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX, Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub, Sport Klub 3** и **Golf Klub**;
21. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за услуги и трговија СПЕЈС ТЕЛ НЕТ ДООЕЛ с.Кадино Илинден, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX, Fox Movies** и **24 Kitchen**;
22. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникациски инженеринг софтвер трговија и услуги МУЛТИМЕДИА-НЕТ ДОО Куманово, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX, Fox Crime** и **24 Kitchen**;

23. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX, Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3** и **Golf Klub**;
24. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство трговија и услуги Друштво за производство трговија и услуги ИП СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, во рамките на својот аналоген пакет го реемитува програмскиот сервис **Fox Crime**;
25. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX, Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3** и **Golf Klub**;
26. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија, угостителство, транспорт и услуги увоз-извоз Канал 16 ДОО Ресен, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX, Fox Crime** и **24 Kitchen.**
27. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско друштво кабелски оператор САНЕТ КАБЕЛСАТ ДООЕЛ Виница, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет го реемитува програмскиот сервис **FOX**;
28. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX** и **24 Kitchen**;
29. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, во рамките на својот аналоген пакет го реемитува програмскиот сервис **Fox Crime**;
30. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за меѓународна шпедиција, транспорт и трговија ТРАНШПЕД ТРЕЈД ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси **Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3** и **Golf Klub**;
31. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за услуги производство и трговија Пела Дигитал 2008 ДООЕЛ увоз-извоз Струга, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX** и **Fox Crime**;
32. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за услуги, трговија и производство МОБИ СЕРВИС увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси **Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3** и **Golf Klub**;
33. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија и услуги КТВ САТО-НЕТ увоз-извоз ДОО с.Челопек Брвеница, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси **Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3** и **Golf Klub**;

34. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје, во рамките на својот дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX, 24 Kitchen, Sport Klub 1, Sport Klub 2** и **Sport Klub 3**;
35. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, во рамките на својот дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси **FOX, Fox Crime, 24 Kitchen, Sport Klub Prime, Sport Klub HD, Sport Klub Plus HD, Sport Klub prime HD** и **Sport Klub premium HD**;

1. Програмските сервиси **FOX, Fox Movies, Fox Crime** и **24 Kitchen**, од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се **регистрирани врз основа на акт издаден од Советот за Електронски медиуми на Република Бугарија** со кој ова тело одобрило емитување на овие програмски сервиси на територијата на Република Македонија.

Согласно член 69 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), дозвола за телевизиско и радио емитување во Република Македонија може да издаде единствено Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како надлежно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

**Оттука, а имајќи предвид дека Агенцијата не издала дозвола за емитување на погоренаведените програмски сервиси, тие не можат да се емитуваат во Република Македонија.**

2. Програмските сервиси **Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Sport Klub Prime, Sport Klub HD, Sport Klub Plus HD, Sport Klub prime HD, Sport Klub premium HD,** и **Golf Klub** од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се **регистрирани врз основа на акт издаден од Националниот Совет за Радиодифузија на Република Романија**, со кој е одобрено емитување на следните програмски сервиси:

- Спорт Клуб Адриа, со секундарните канали, Спорт Клуб Канал, Спорт Клуб Сло и Спорт Клуб ХД;
- Спорт Клуб Приме, со секундарните канали, Спорт Клуб + Сло, Спорт Клуб + Адриа и Спорт Клуб + ХР;

Во Република Македонија овие програмски сервиси од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи се реемитуваат во српска јазична верзија.

Во дозволата за телевизиско емитување на наведените програмски сервиси, што ја издал Националниот Совет за Радиодифузија на Република Романија, не е наведено дека овие програмски сервиси може да се емитуваат во српска верзија.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Согласно член 69 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), дозвола за телевизиско и радио емитување во Република Македонија може да издаде единствено Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како надлежно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

**Оттука, а имајќи предвид дека Агенцијата не издала дозвола за емитување на погоренаведените програмски сервиси, тие не можат да се емитуваат во Република Македонија.**

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

1. Согласно член 23 став 1, слинеја 1 и член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), на овие 35 оператори да им се издадат решенија за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои ги реемитуваат спротивно на одредбите од Законот.

2. По уредната достава на решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси да се изврши контролен надзор врз работата на наведените оператори на јавна електронска комуникациска мрежа, со цел да се утврди дали истите постапиле по решението, а доколку се констатира дека прекршувањата на Законот не се отстранети, Агенцијата да поведе прекршочна постапка против операторите.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

**Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 02.02.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 625/2 | 1 | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПИСМЕНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ВОНРЕДЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР (бр.11-625/1) НА ДЕН 27.01.2015 ГОДИНА

## I. КОНСТАТАЦИИ:

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дојде до нови констатации во однос на програмските сервиси Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Sport Klub Prime, Sport Klub HD, Sport Klub Plus HD, Sport Klub prime HD и Sport Klub premium HD, врз основ на доставено известување од страна на United Media s.ar.l., каде во прилог на дописот беа доставени нови дозволи за вршење на радиодифузна дејност на погоре наведените програмски сервиси, а издадени од страна на Владата на големото Војводство Луксембург.

Програмските сервиси Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Sport Klub Prime, Sport Klub HD, Sport Klub Plus HD, Sport Klub prime HD и Sport Klub premium HD биле регистрирани врз основа на акт издаден од Националниот Совет за Радиодифузија на Република Романија, со кој е одобрено емитување на програмските сервиси: Спорт Клуб Адриа бр.С-ТВ 198.5, со секундарните канали, Спорт Клуб Канал, Спорт Клуб Сло и Спорт Клуб ХД; и Спорт Клуб Приме бр.С-ТВ 217.7, со секундарните канали, Спорт Клуб + Сло, Спорт Клуб + Адриа и Спорт Клуб + ХР. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не може да констатира дали издадените лиценци за емитување на наведените програмски сервиси од страна на Националниот Совет за Радиодифузија на Република Романија се сеуште во важност.

Програмскот сервис Golf Klub е регистриран врз основа на акт издаден од Националниот Совет за Радиодифузија на Република Романија бр.С-ТВ 199.3. До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не е доставена нова дозвола за вршење на радиодифузна дејност за споменатитот сервис, со што Агенцијата не може да констатира дали овој програмски сервис има валидна лиценца за вршење на радиодифузна дејност.

По однос на констатираните прекршувања за програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen, од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се регистрирани врз основа на акт издаден од Советот за Електронски медиуми на Република Бугарија со кој ова тело одобрило емитување на овие програмски сервиси на територијата на Република Македонија беше костатирано дека од вкупно 49 оператори, 29 ги реемитуваат програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime, 24 Kitchen, и тоа:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

1. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;
2. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија, во рамките на својот дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;
3. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИЈА Друштво за телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;
4. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ Гостивар, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;
5. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДОО Гевгелија, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;
6. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;
7. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникации и услуги КОМБО 2003 ДОО извоз-увоз Куманово, во рамките на својот дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;
8. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство трговија телекомуникации и услуги РИ-ГО КАБЕЛ САТ увоз-извоз ДОО с.Мирковци Чучер-Сандево Скопје, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;
9. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот дигитален пакет го реемитува програмскиот сервис FOX;
10. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги Трговско радиодифузно друштво- оператор на кабелска мрежа КДС-Кабелнет ДОО Прилеп, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;

11. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси FOX и 24 Kitchen;
12. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа ТРД – оператор на кабелска мрежа ГИВ Иван и др. ДОО Гостивар, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;
13. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КДС-ВТ ДООЕЛ Пробиштип, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Crime и 24 Kitchen;
14. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДООЕЛ, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX и 24 Kitchen;
15. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа БИВ Пирамида ДООЕЛ с.Звегор Делчево, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси Fox Crime и 24 Kitchen;
16. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси Fox Crime и 24 Kitchen;
17. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ ДОО Охрид, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;
18. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за услуги и трговија СПЕЈС ТЕЛ НЕТ ДООЕЛ с.Кадино Илинден, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies и 24 Kitchen;
19. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникациски инженеринг софтвер трговија и услуги МУЛТИМЕДИА-НЕТ ДОО Куманово, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Crime и 24 Kitchen;
20. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;
21. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство трговија и услуги Друштво за производство трговија и услуги ИП СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, во рамките на својот аналоген пакет го реемитува програмскиот сервис Fox Crime;

22. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Movies, Fox Crime и 24 Kitchen;
23. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија, угостителство, транспорт и услуги увоз-извоз Канал 16 ДОО Ресен, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Crime и 24 Kitchen.
24. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско друштво кабелски оператор САНЕТ КАБЕЛСАТ ДООЕЛ Виница, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет го реемитува програмскиот сервис FOX;
25. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш, во рамките на својот аналоген и дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX и 24 Kitchen;
26. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, во рамките на својот аналоген пакет го реемитува програмскиот сервис Fox Crime;
27. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за услуги производство и трговија Пела Дигитал 2008 ДООЕЛ увоз-извоз Струга, во рамките на својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси FOX и Fox Crime;
28. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје, во рамките на својот дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX и 24 Kitchen;
29. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, во рамките на својот дигитален пакет ги реемитува програмските сервиси FOX, Fox Crime и 24 Kitchen;

Согласно член 69 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), дозвола за телевизиско и радио емитување во Република Македонија може да издаде единствено Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како надлежно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

Оттука, а имајќи предвид дека Агенцијата не издала дозвола за емитување на погоре наведените програмски сервиси, тие не можат да се емитуваат во Република Македонија.

Согласно погоре наведеното, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи наведени во точка I вршат реемитување на програмските сервиси спротивно на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

1. Согласно член 23 став 1, алинеја 1 и член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), на овие 29 оператори да им се издадат решенија за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои ги реемитуваат спротивно на одредбите од Законот.

2. По уредната достава на решенијата за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси да се изврши контролен надзор врз работата на наведените оператори на јавна електронска комуникациска мрежа, со цел да се утврди дали истите постапиле по решението, а доколку се констатира дека прекршувањата на Законот не се отстранети, Агенцијата да поведе прекршочна постапка против операторите.

3. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се обрати со допис до Националниот Совет за Радиодифузија на Република Романија со барање дали лиценците издадени за вршење на радиодифузна дејност на програмските сервиси Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Sport Klub Prime, Sport Klub HD, Sport Klub Plus HD, Sport Klub prime HD, Sport Klub premium HD и Golf Klub (бр.С-ТВ 198.5, бр.С-ТВ 217.7 и бр.С-ТВ 199.3) се во важност.

4. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

Одделение за заштита на авторски права